РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОСНОВЕН СУД СТРУГА
СУ-04.бр. 49/22
20.10.2022 година
С т р у г а

Врз основа на член 17 став 1, член 20 став 1 алинеја 1 и член 25 од од Законот за судска служба (Сл.весник на Р.С.М. бр.43/14, 98/15, 33/15, 06/16, 198/18 и 248/18) и Правилникот за формата и содржината на јавнист оглас, формата, содржината и начинот на поднесување на пријавата, на спроведување на административна селекција, на испитите, проверка на веродостојност на доказите и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од категориите на работните места, како и други прашања во врска со постапката за вработување на судски службеници (Сл.весник на Р.С.М. бр.236/18), а се однесува за работно место под број 1 и 2 (судски службеници), како и врз основа на чл.2, чл.3 ст 3, чл.21 ст.1, чл.119, чл.120 и чл.121 од Законот за судска служба (Сл.весник на Р.С.М. бр.43/14, 98/15, 33/15, 06/16, 198/18 и 248/18) и Правилникот за организација и систематизација на работните места, СУ.бр.100/18-2 од 17.01.2019 година, а се однесува за работно место под број 3 (припадник на судска полиција)., ОСНОВНИОТ СУД ВО СТРУГА на ден 20.10.2022 година,

***О б ј а в у в а***

**Ј А В Е Н  О Г Л АС бр. 1/2022**

I.

***За вработување на 2 (двајца) судски службеници на неопределено работно време, за следните работни места:***

**1. Категорија Б, ниво Б4, Раководител на одделение за материјално-финансиско работење - 1 (еден) извршител-шифра СУД 0101Б04002 ;**

Посебни услови:

-најмалку 300 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен, Економски факултет или друг факултет од соодветна област

-најмалку 4 години работно искуство во струката

-активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици во Европската унија (англиски, француски и германски) и

-активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење

**2. Категорија Г, ниво Г1, Самостоен судски референт-водител на писарница- 1 (еден) извршител-шифра СУД 0101Г01001 ;**

Посебни услови:

-најмалку више или средно образование

-најмалку 3 години работно искуство во струката

-активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици во Европската унија (англиски, француски и германски) и

-активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење

Покрај наведените посебни услови, предвидени во Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Основен суд Струга, кандидатот за работно место под број 1 и 2, треба да ги исполнува и следните општи услови кои се предвидени во член 21 став 1 од Законот за судска служба и тоа:

-да е државјанин на Република Северна Македонија (државјанство)

-активно да го користи македонскиот јазик

-да е полнолетен

-да има општа здравствена способност за работното место (лекарско уверение) и

-со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност (потврда од суд).

Предвидена основна нето плата за работно место под бр.1: 32.445,00 денари; за работно место под бр.2: 24.461,00 денари., Работни часови неделно: 40; Работно време од 07,30 до 15,30 часот; Работни денови: од понеделник до петок, времетраење на работниот однос е неопределено.

Кандидатите се должни да поднесат пријава за вработување и докази за исполнување на општите и посебните услови за работното место во оригинал или копија заверена на нотар.

Во пријавата, покрај доказите, задолжително треба да содржи: име и презиме на кандидатот поткрепени со доказ за лична идентификација, живеалиште, односно престојувалиште на кандидатот, e-mail адреса или контакт телефон.

Рокот за поднесување на пријавите изнесува 15 (петнаесет) дена од денот на објавување на огласот во дневните весници.

Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.

Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од натамошна постапка.

Пријавата со доказите, кандидатите се должни да ја доставаат непосредно или по пошта до архивата на Основен суд Струга, ул.„ЈНА" б.б., истата може да се најде електронски на интернет страницата www.osstruga.mk или да се подигне лично во просториите на судот.

Времето и датумот на одржување на административна селекција, испитот и интервјуто ќе бидат објавени на погоренаведената интернет страница на судот.

II.

***За вработување на 1 -едно лице на работно место припадник на судска полиција на неопределено време***

**3. Судски полицаец, работно место припадник на судска полиција, Број на извршители- 1 (еден), -шифра СУД 0205В01000 ;**

Заинтересираните кандидати треба да ги исполнуваат следните општи услови:
- да е државјанин на Република Северна Македонија;
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена состојба за работното место;
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност;

Покрај општите услови за вработување на судски службеник утврдени во чл.21 ст.1 од Законот за судска служба, кандидатите треба да ги исполнуваат и следните посебни услови утврдени во чл.119 од Законот за судска служба и чл.47 од Правилникот за организација и систематизација на работните места во Основен суд Струга:

-да не се постари од 25 години,

-да се физички и психички способни за вршење на работите на судската полиција (согласно Уредба за психофизички способности што треба да ги поседуваат лица што се примаат на работа во судска полиција Сл.в. на Р.М.бр.5/13);

-да имаат соодветни стручни квалификации потребни за работното место, најмалку средно образование, со или без работно искуство,

-да поседуваат соодветни општи и посебни работни компетенции потребни за работното место,

- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,

- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски) преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори, или уверение од меѓународна институција, на А1 (А1) нивото на ЦЕФР (CEFR), односно БУЛАТС или Аптис, или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 310 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 35 бода или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалју 10 бода или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ; или Гете сертификат

Основна плата на припадникот на судската полиција 18.223,оо денари.
Работни часови неделно: 40 ;
Работно време: 1 смена од 07-15 ч; 2 смена од 15-23ч; 3 смена од 23-07 ч;

Пријавата за вработување со приложените докази за исполнување на условите во оригинал или заверени на нотар, се доставува во писмена форма преку приемната писарница на Основен суд Струга или преку пошта на адреса:

Основен суд Струга
со назнака: ЗА ЈАВЕН ОГЛАС 1/2022)
ул„ЈНА" бб, Струга.

Рокот за поднесување на пријавите изнесува 15 (петнаесет) дена сметано од денот на објавување на огласот во дневните весници.

Согласно чл.120 ст.3 од Законот за судска служба, проверката на условите за вработување на припадник на судска полиција ја врши Министерството за правда на Република Северна Македонија, без да се нарушат критериумите за соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници.

Претседател на судот
Ифет Бајрамоски